**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**
**Уп1 Бр.** 03-954
31.07. **2015 година**
**С к о п ј е**

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 5, член 20 став 1 алинеја 10, а во врска со член 39 и 43 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), член 127 став 1 од Законот за општата управна постапка ("Службен весник на Република Македонија", бр.38/05, 110/08 и 51/11), согласно Заклучокот на Советот бр.02-4798/4 од 30.07.2015 година, Советот на Агенцијата на ден 30.07.2015 година ја донесе следната:

**Одлука**
**за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација по службена должност**

1. СЕ ПОВЕДУВА постапка по службена должност за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, кое е основано од правното лице, Друштво за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, кое што ја врши дејноста 73.12 – огласување преку медиуми, која според Националната класификација на дејности спаѓа во групата дејности „реклама и пропаганда", што претставува основа за Агенцијата по службена должност да поведе постапка за утврдување постоење на недозволена медиумска концентрација, што е спротивно на член 39 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен Весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14).

2. Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, во рок од 45 (четириесетипет) дена од денот на приемот на оваа Одлука, да ги достави сите податоци од значење за одлучувањето на Агенцијата.

3. Оваа Одлука е конечна.

**О б р а з л о ж е н и е**

Во членот 39 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија", бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14) е пропишано дека: „Недозволена медиумска концентрација, во смисла на овој закон, постои кога физички или правни лица кои се основачи на радиодифузери, како и физички лица носители на функции на управување во радиодифузери се јавуваат истовремено како: „...- оснивачи на друштво за реклама и пропаганда...".

Во Националната класификација на дејности, дејностите реклама и пропаганда се класифицирани во одделот 73 – „Маркетинг (реклама и пропаганда) и истражување на пазарот". Во групата 73.1 - Маркетинг (реклама и пропаганда) се дефинирани две класи 73.11 Агенција за маркетинг и 73.12 – Огласување преку медиуми. Според објаснувањето наведено во Класификацијата, класата „Огласување преку медиуми" опфаќа *„огласување преку медиуми т.е. продажба на времето и просторот за различни видови на медиумско огласување"*, а не опфаќа *„продажба на време или простор за огласување директно од страна на сопственикот (издавачот итн) и односи со јавноста и дејности на соопштување"*.

Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип е основано од правното лице Друштво за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, со ЕМБС 4124189 и седиште на ул.5-та Партиска конференција бб, Штип, што е видно од Тековната состојба на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, издадена од Централниот регистар на Република Македонија (Прилог бр.1).

Во членот 44 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр.28/04, 84/05, 71/06, 25/07, 87/08, 17/09, 23/09, 42/10, 48/10, 8/11, 21/11, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13, 120/13, 187/13, 38/14, 41/14, 138/14 и 88/15), пропишано е дека „Фирмата на трговското друштво е името под коешто друштвото работи и под кое што учествува во правниот промет", а во членот 46 пропишано е дека "Фирмата содржи ознака којашто упатува на предметот на работење на трговското друштво, седиштето и формата на друштвото".

Основачот на ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип – правното лице, Друштво за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, според Тековната состојба издадена од Централниот регистар на Република Македонија (Прилог бр.2), има претежна шифра на дејност 56,10 – Ресторани и останати дејности за подготовка и послужување на храна. Но, поради тоа што во името го содржи зборот „маркетинг", Агенцијата побара од Централниот регистар на Република Македонија издавање на образец СПД – Структура на приходи по дејности, за да утврди дали во претходната година ова правно лице остварувало приходи и од дејноста маркетинг (реклама и пропаганда). На 23.07.2014 година, Централниот регистар на Република Македонија ги достави бараните податоци (Прилог бр.3).

Од овие податоци е видно дека во 2014 година, Друштвото за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, од вршење на дејноста 73.12 – Огласување преку медиуми остварило вкупно 6.351.552,00 денари, што претставува 25,2% од вкупните приходи остварени во таа година.

Во член 39 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, дејноста "реклама и пропаганда" е утврдена како една од дејностите коишто се неспоиви со дејностите што ги вршат радиодифузерите (60.10 – емитување радиопрограма и 60.20- дејности на телевизиската програма и емитување). Помеѓу трговски друштва кои ги вршат овие дејности не смее да постои поврзаност, ни преку основачите, ни преку физичките лица кои се носители на функции на управување кај радиодифузерите, ниту преку поврзаните лица во смисла на овој Закон.

Со оглед дека Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, кое е основано од правното лице, Друштво за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, кое што ја врши дејноста 73.12 – огласување преку медиуми, која според Националната класификација на дејности спаѓа во групата дејности „реклама и пропаганда", претставува основа за Агенцијата по службена должност да поведе постапка за утврдување постоење на недозволена медиумска концентрација, што е спротивно на член 39 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен Весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14).

Имено, согласно член 43 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), доколку Агенцијата врз основа на сопствени сознанија или врз основа на податоци добиени од заинтересирани лица има сознанија за евентуално постоење на недозволена медиумска концентрација, ќе ги испита таквите сознанија по службена должност без одлагање. При испитување на ваквите сознанија, Агенцијата ќе побара од радиодифузерот, во рок кој неможе да биде пократок од 15 дена и не по долг од 45 дена, да ги достави сите податоци од значење за одлучување на Агенцијата.

Следствено на наведеното, се одлучи да се поведе постапка по службена должност за утврдување на постоење недозволена медиумска концентрација кај Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, кое е основано од правното лице, Друштво за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип, кое што ја врши дејноста 73.12 – огласување преку медиуми, која според Националната класификација на дејности спаѓа во групата дејности „реклама и пропаганда", што претставува основа за Агенцијата по службена должност да поведе постапка за утврдување постоење на недозволена медиумска концентрација, што е спротивно на член 39 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на

Република Македонија бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), а ТРД Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, во рок од 45 (четириесетипет) дена од денот на приемот на оваа Одлука, да ги достави сите податоци од значење за одлучувањето на Агенцијата.

Врз основа на сето погренаведено, се донесе одлука како во диспозитивот.

**Прилози (3):**

1. **Тековна состојба за Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип;**
2. **Тековна состојба за Друштво за трговија, услуги, маркетинг и информации ГБЦ КОМУНИКАЦИИ ДООЕЛ Штип;**
3. **Образец СПД – Структура на приходи по дејности.**

Согласен: м-р Драгица Љубевска

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот на Агенцијата,**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги СКОПЈЕ

**Упатство за правно средство:** Против оваа одлука радиодифузерот може да поднесе тужба за поведување на управен спор пред надлежен суд. Тужбата за поведување на управен спор се поднесува во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

**Доставено до:**
- Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип;
- управителот на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип;
- Секторот за стратешко планирање и авторски права;
- Назначеното лице во Агенцијата за водење на уписникот Уп 1.